РАДИОАМАТЕРСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302-197
04.11.2016 год.
СКОПЈЕ

До
Радиоаматерски сојуз на Македонија
Скопје

**Предмет:**
Поднесување Кандидатура за Претседател на РСМ
од Миле Кокотов

Врз основа на член 11 од Статутот на РСМ, а на претходна сугестија од неколку мои пријатели радиоаматери, ја доставувам својата кандидатура за Претседател на РСМ.

**Лични податоци**

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | Миле Кокотов |
| **Датум на раѓање** | 30.септември 1964 година во Штип |
| **Државјанство** | Државјанин на Република Македонија |
| **Образование** | Дипломиран инженер по индустриски менаџмент<br>(просечна оцена 9,0)<br>Магистрант на Факултетот за природни и технички науки – Штип<br>(просечна оцена 9,65) |
| **Занимање** | Основач на повеќе претпријатија од областа на телекомуникациите во Македонија и Србија.<br><br>Директор на Теко ДОО - Штип, Директор на Ирис ДОО – Штип, Директор на Миником ДООЕЛ – Штип, Директор на Кадис ДОО – Скопје, Бренч менаџер во КејблТел ДОО – Скопје.<br><br>Раководител на техничари во телекомуникациски оператор Близу ДООЕЛ - Скопје<br><br>Раководител на техничари во „FANO" во телекомуникациски оператор Оне.ВИП |
| **Странски јазици** | Англиски (напредно ниво).<br>Српски, Хрватски, (напредно ниво)<br>Бугарски (средно ниво) |

| | |
|---|---|
| **Научни трудови** | Објавени научни трудови во меѓународни и домашни стручни списанија и конференции:<br>1. "Cable Distribution Systems – an essential element of the global information society" (ITRO 2016)<br>2. "Design of Information Systems monitoring, record and control" (ITRO 2016)<br>3. "Mathematical modeling, analysis and optimization – Mathematical Modeling and Antenna Analysis software" (ITRO 2016)<br>4. Планирање на постројки во Кабелските Дистрибутивни Системи<br>5. Системи за мониторинг и евиденција во логистиката<br>6. Моделирање и изработка на безжичен микробранов линк |
| **Проекти** | Носител на повеќе проекти во рамките на компаниите каде сум работел. |
| **Дипломи награди и признанија** | Носител сум на повеќе награди и признанија од областа на науката, техниката, радиоаматерството... некои од нив можат да се видат на мојата веб страница: http://www.qsl.net/z33t |
| **Е-пошта** | kokotov@gmail.com |
| **Телефон за контакт** | 075 210 741 |
| **Радиоаматерски Класи и Специјалности** | 1979 година положен стручен испит за аматерски радиооператор „Ц" класа.<br><br>1979 година положен курс за радиоаматери – конструктори „почетен курс".<br><br>1985 година положен стручен испит за „Аматерски радио механичар – конструктор" - Средна категорија.<br><br>1985 година положен стручен испит за аматерски Радиооператор „Б" класа.<br><br>1988 година положен стручен испит за „Аматерски радио механичар – конструктор" – Виша катергорија.<br><br>2007 година положен стручен испит за аматерски Радиооператор „А" класа. |

Доколку бидам избран за Претседател на Радиоаматерскиот Сојуз на Македонија, сметам дека со своето долгогодишно радиоаматерско искуство, вештини и знаење можам да придонесам за поголем развој на радиоаматерството во целина. Особено за ширење и популаризација на техничката култура за што, во 1986 година имам добиено „Признание од Народна Тејхника на Македонија за особен придонес во афирмацијата на Народна техника и омасовувањето на инвентивното техничко творештво".

Се разбира, примарна цел ќе ми биде ширење и популаризација на радиоаматерството во Македонија. За таквата активност во 2007 година имам добиено „Благодарница за значаен придонес во ширењето на радиоаматерството" од страна на мојот матичен Радио Клуб „Никола Тесла" од Штип.

Освен ова, доколку бидам избран за Претседател на РСМ, ќе се залагам за поттикнување, развој и примена на иновации и научно-технички достигнувања во областа на електрониката, радио техниката и телекомуникациите во Македонија. За оваа моја активност, во 1985 година од страна на СПАТУ (Сојуз на пронаоѓачи и автори на технички унапредувања) имам добиено Диплома и златна значка на СПАТУ.

Ќе работам на надминување на меѓусебната поделеност и несогласување на членството, кое е евидентно. Сметам дека со својот авторитет и личен пример, ќе можам да дадам значаен придонес во делувањето на ова поле.

Ќе се залагам за транспарентност на работењето на органите и телата на Радиоаматерскиот сојуз.

Мојата делување како Претседател на РСМ особено би го насочил кон унапредување на целокупната радиоаматерска активност во нашата држава. Од радиоаматерско операторство на КБ и УКБ, АРГ, ХСТ, но и РМЗО како посебна општествена корисна радиоаматерска активност за во случај на потреба.

Посебен интерес ќе посветам на младите радиоаматери почетници и поттикнување на нивното творештво. Од она што се вика конструирање на антени, радиоаматерски електронски уреди и помагала, преку организирање на радиоаматерски работилници „workshop" за разни конкретни тематики од областа на радиоаматеризмот.

Организирање и учество во радиоаматерските натпревари од меѓународен но и од државен карактер ќе ми биде исто така една од приоритетните активности. Преку учеството во овие натпревари се стекнува сериозно радиоаматерско искуство.

Мое мислење е дека репетиторската УКБ радио мрежа во државата има свое посебно важно место, и како такво ќе делувам за понатамошно нејзино проширување и унапредување.

За конкретните активности за подобрување на радиоаматеризмот во државава, можам да пишувам уште многу страници. Сепак, мислам дека делата, а не само пишаниот збор, ќе бидат тие по што ќе се памети, што сè сторил еден Претседател на РСМ за време на својот мандат...

Благодарам,
Миле Кокотов, Z33T